Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 43 1 јули 2010 година

јули 2010 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област географија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................................................................ 3

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕОГРАФИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2602-68/12 од 17.5.2010 година, донесена на 26. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика одржана на 17.5.2010 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за научната област географија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм", на 5 мај 2010 год., и во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати: **д-р Цане Котески**, асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, и **м-р Роберт Петковски**, магистер по археологија, невработен.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 7, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација, констатира дека вториот кандидат **м-р Роберт Петковски**, согласно со Конкурост за избор во наставни и наставно-научни завања, не ги исполнува основните услови пропишани со Законот за високото образование, односно нема завршено трет циклус и не е доктор на науки.

Според тоа, врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Цане Котески** е роден на 1 јули 1964 година во Прилеп. Основно образование завршува во с. Беровци и во с. Старо Лагово - Прилепско, а средно образование во Прилеп.

Дипломира во 1988 година на Институтот за географија при ПМФ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со што се стекнува со звање **дипломиран географ**.

Од 1995/1996 година се вработува како наставник по географија во ССУ „Кузман Јосифоски – Питу" во Прилеп. Во периодот од 1999 година до 2002 година е заменик-директор на ССУ „Кузман Јосифовски – Питу" во Прилеп. Додека во периодот од 2006 година до 2008 година ја извршува функцијата директор на ССУ „Кузман Јосифовски - Питу" во Прилеп.

Во учебната 2000/2001 година се запишува на постдипломски студии од областа *тематска картографија*. На 8 декември 2004 година со одбраната на магистерскиот труд „*Тематски атлас на Мариово и Раечка Котлина*", под менторство на проф. д-р Благоја Маркоски, се стекнува со академски научен степен **магистер по географски науки** од областа на тематската картографија.

Од 1 ноември 2008 година, од страна на матичната комисија е распореден како асистент на Катедрата за туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Во 2008 година пријавува тези за изработка на докторска дисертација. На Институтот за географија при ПМФ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, на 15 март 2010 година ја одбранува докторската дисертација на тема „*Слив на Црна Река – Географско картографско моделирање, диференцијација и функционален развој на одделните регионални целини*", под менторство на проф. д-р Благоја Маркоски, и се стекна со научен степен **доктор по географски науки**.

Од странски јазици се користи со германскиот и рускиот јазик.

Вкупното работно искуство на кандидатот д-р Цане Котески изнесува 12 години и 10 месеци.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Цане Котески, согласно со добиените решенија за распоредување на Катедрата за туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во периодот помеѓу двата избора (2008-2010 год.) е асистент на задолжителните предмети: Термален (бањски) туризам, Туристичка географија, Туристички дестинации и Сообраќај во туризмот.

Поширокиот интерес на кандидатот е од областа на туристичката картографија, сообраќајот во туризмот, меѓународниот туризам и други сфери од областа на туризмот, картографијата и воопшто географијата.

Во текот на својата професионална работна кариера, д-р Цане Котески покажува завиден интерес за научната и стручната работа. Тоа јасно се гледа од материјалите доставени до Комисијата, презентирани преку список на награди, признанија, сертификати, вклученост во проекти и список на објавени трудови и карти.

***Награди, признанија и членство во разни организации***

1. Во 1986 година, како студент во втора година на ПМФ, е добитник на диплома за најдобар студент на генерација, како на Институтот за географија, така и на цел ПМФ.
2. Во 1998 година е добитник на првата награда на ФАРЕ програмата за средните стручни училишта во Р. Македонија за научен проект, награден е со 60.000 денари за научниот проект „Влијанието на патните комуникации врз просторната разместеност на старата општина Прилеп“.
3. Во 2000 година е добитник на пофалница од областа на животната средина и екологијата на конкурсот во Сиднеј, Австралија, на тема „Да го исчистиме светот“ за посебен придонес во организирањето и учеството во Еко кампањата „Да ја исчистиме Македонија”.
4. Во 2000 година е добитник на благодарница од Гимназијата „Мирче Ацев” во Прилеп, за несебична поддршка и учество во подготвувањето на првиот средношколски весник во Прилеп „ГИМ”.
5. Во 2001 година е добитник на признание за посебен придонес во унапредувањето на научно-техничкото творештво за надарени млади таленти во природните и техничките науки на Народна техника на Р.Македонија.
6. Во 2005 година е добитник на благодарница од Македонското географско друштво за долгогодишна и плодотворна работа во областа на географијата.
7. Во 2005 година е добитник на благодарница од Музеј на Општина Прилеп за учество во едукативно-образовниот проект „Нашето минато” (ноември 2005 година).
8. Член е на Претседателството на Македонското географско друштво, со втор мандат.
9. Член на Уредувачки одбор на научното списание „Географски разгледи“, 2008/2010 година, Институт за географија - ПМФ, Скопје.
10. Претседател е на првото Регионално географско друштво „Д-р Митко Панов” за општините: Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Крушево, Брод и Самоков.
11. Од 1996 до 2010 година е претседател на Општинската комисија за државните натпревари по географија за средните и основните училишта на Народна техника во Прилеп.
12. Член е на Државната комисија за натпревари по географија на Македонското географско друштво - Скопје.

***Вклученост во научноистражувачки проекти***

1. Во 1987 година е член на Истражувачкиот проект за планината Козјак – Кумановско, во реализација на Институтот за географија, под раководство на проф. д-р Митко Панов.
2. Во 2002 година, како стручен консултант, учествува во спроведување на пописот на населението на Р. Македонија, во Општина Прилеп.
3. Во 2008 година учествува во Меѓународниот проект „*Имплементација на предметот: Заштита на животната средина во воспитно-образовниот процес од основно до високо образование во Р. Македонија и Р. Грција*". Во проектот учествуваа СОУ „Кузман Јосифовски - Питу" – Прилеп, Економски факултет – Прилеп и Економскиот факултет *Македонија* – Солун, Р. Грција.

***Завршени едукации (стекнати сертификати)***

1. Добитник е на сертификат од E-schools USAID forsuccessful completion of training for Sekondary School Teachers in: "integration of ICT into the Curriculum". Avgust, 2006 god.
2. Добитник е на сертификат за успешно завршена обука реализирана во рамките на Проектот за модернизација на образованието на Програмата „Методи за оценување и евалуација во училиштето" - Скопје, од 20 до 22.10.2006 год.
3. Certificate of Attendance, Training Exercise on Human Trafficking & Prevention Activities in Schools od 30 Novembar - 1December 2007 g. Министерство за образование и наука на Р. Македонија.
4. Сертификат за завршена обука во траење од 24 часа од областите: квалитет во училиштето, законодавство, финансирање според Прирачникот за раководење со училиште 2008 год., Министерство за образование и наука.
5. Сертификат за учество на Меѓународниот научен симпозиум „*Географијата и одржливиот развој*" во Охрид, Р. Македонија, 22-25 октомври 2009 год.

***Преглед на изработени и објавени научни проекти, трудови и карти***

1. **Котески Ц.** (1996): Влијанието на патните комуникации врз просторната разместеност и демографскиот развој на селата во старата Општина Прилеп во периодот од 1953 до 1991год., и незината поделба на пет општини. Проект за ФАРЕ програмата. Прилеп.
2. **Котески Ц.** (1999): Украсен камен во Р.Македонија со посебен осврт на наоѓалиштата во Општина Прилеп.
3. **Котески Ц.** (1996): Перспективен развој, изградба и значење на микроакумулациите за развојот на земјоделството во новосоздадените општини: Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Тополчани и Витолиште.
4. **Котески Ц.** (2001): Заштита и значење на водените ресурси во новосоздадените општини од старата Општина Прилеп.
5. **Котески Ц.** (2002): Денудациони релјефни форми на планината Златоврв во новосоздадените општини: Прилеп и Долнени.
6. **Котески Ц.** (2006): Негативното влијание на укинатите општини: Витолиште и Стара Вина врз руралниот развој на Мариово. Руралниот простор во новите развојни услови. Зборник на апстракти, Меѓународен симпозиум, Охрид од 30.3 до 1.4. 2010 год.
7. **Котески Ц.** (2002): Примена и значење на тематската картографија во социоекономските (географски) истражувања за Раечка Котлина.
8. **Котески Ц.** (2007): Туристичка карта на Прилеп, Тримакс, Скопје.
9. **Котески Ц.** (2008): Стопанска карта на Прилеп, Тримакс, Скопје
10. **Котески Ц.** (2009): Картографско претставување на ловот и ловните површини за крупен и ситен дивеч во Мариово и Раечка Котлина, Меѓународен симпозиум, Охрид од 22 до 25.10.2009 год.
11. **Котески Ц.** (2010): Населби во Мариово и Раечка Котлина и нивно тематско картографско претставување. ДНУ, Прилеп.
12. **Котески Ц.** (2010): Шумски површини во Мариово и Раечка Котлина и нивно тематско картографско претставување. ДНУ, Прилеп.
13. **Котески Ц.** (2010): Сообраќај во туризмот, интерна скрипта за предавања.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Цане Котески ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, да биде избран за наставник на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Кандидатот има наставно искуство како асистент, има добиено признанија и научни трудови кои се објавени во домашни научни списанија, а исто така преку стручните трудови се афирмира како истакнат во својата професија.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **да го избере д-р Цане Котески за доцент по наставно-научната област географија** на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Никола Димитров - претседател, с.р.**
**Д-р Нако Ташков - член, с.р.**
**Проф. д-р Благоја Маркоски - член, с.р.**

## ПРИЛОГ

**Табела за вреднување на активностите на д-р Цане Котески, доктор на географски науки, според критериумите за избор во звање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Ред. број** | **Вид активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | | |
| 1. | Интерна скрипта од предавања | 1 | 4 | 4 |
| 2. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 0,2x4x15 | 12 | 12 |
| 3. | Статија во наставно-образовно списание | 1 | 6 | 6 |
| 4. | Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 0,5x4 | 2 | 2 |
| 5. | Член на комисија на ученички или студентски натпревари | 0,5x15 | 7 | 7 |
| | **Вкупно** | | | **31** |

| **Ред. број** | **Вид активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Наставноистражувачка дејност (НИ)** | | | | |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 1 | 6 | 6 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 2x | 1 | 2 |
| 3. | Одбранета докторска теза | 1x | 8 | 8 |
| 4. | Раководител на научен проект | 1x | 4 | 4 |
| 5. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3x | 2 | 6 |
| 6. | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦА/ЦА/останати) | 1x | 4 | 4 |
| 7. | Награди-признанија за научни постигнувања, сценско-музички награди | 2x | 5 | 10 |
| | **Вкупно** | | | **40** |

| **Ред. број** | **Вид активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (СА-ОР)** | | | | |
| 1. | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 2 | 2 |
| 2. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 2x | 2 | 4 |
| 3. | Стручни награди и признанија | 1x | 4 | 4 |
| 4. | Член на факултетски орган, комисија | 1x | 2 | 2 |
| | **Вкупно** | | | **12** |
| | **Сè вкупно** | | **83** | |